Евгениј Замјатин

# Пештера и други раскази

БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

**Главен уредник**
Филип Димевски

**Наслов на оригиналот**
Евгений Иванович Замятин, **Избранные рассказы**

**Превод од руски јазик**
Ѓорѓи Крстевски

**Лектура**
Ирена Ралева

**Компјутерска обработка**
Бегемот

**Ликовно уредување**
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забранeто е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Евгениј Замјатин

# Пештера
# и други раскази

Бегемот

Скопје, 2023

# Содржина

Три дена ........................................................................ 7
Африка .......................................................................... 37
Очи .............................................................................. 53
Земјомер ........................................................................ 58
Пештера ......................................................................... 77
Привидение ..................................................................... 91
Приказна за она најглавното ................................... 97
Десетминутна драма ............................................. 146
Часовник ..................................................................... 151

Автобиографија .......................................................... 165
Писмо до Сталин ........................................................ 178

## Три дена

Сонце, песок, црни Арапи, песок, камили, палми, песок, кактуси. Некаде на друго место не се Арапи туку Турци, и повторно – сонце, камили, песок. Насекаде е подеднакво развревено, заслепувачки светло. И вечниот свилен шум на брановите при пловењето од едно пристаниште во друго – со таа свила се обвиени очите, ушите. Најпосле, потполно се добива впечатокот дека сѐ едвај се гледа и се слуша под свилата. Сите разговори започнуваат со истото: „Ех, кога ќе впловиме во Одеса...“

И најпосле впловивме. Сонцето се спушта, значи сме задоцниле: царинскиот преглед ќе се случи дури утре, а дотогаш не смееме да излеземе на брегот.

– Ништо, ќе си ја гледаме од тука. Не умри магаре до зелена трева – се кикоти стариот механичар. Брадата му е бела, долга, како на пророкот Мојсеј; бавно си ја мазни.

Уличната врева лесно доаѓа до нас преку водата. Над градот облаче прав одблеснува со

златен блесок. Врвовите на нашите јарболи се обојуваат со црвена боја, која се прелева и на стаклата од тркалезните прозорчиња.

Два бели воени брода; остри, врежани во синото платно на самракот.

– А што бараат војницива?

– На господата офицери им се посакало да ги видат одеските девојки, па затоа и дошле... – одново се јавува механичарот: тој знае сѐ, сѐ и секогаш. Го зема двогледот, погледнува: – Оклопен брод и миноносец, севастополски се – вели.

Се симнуваме во кабините на спиење. Ноќта е наивна, тивка, обична, уште не насетува дека во нејзината темна длабочина веќе е фрлена искра што набрзо ќе предизвика пламен...

Утрото, само што се појави дневната светлина, по палубата се слушнаа трчање и врева; пристигнаа цариниците. Копаа со некакви куки по нашиот товар, како ѓаволи во пекол. Денот беше вообичаен, правлив и потен. За време на ручекот сите брзаа: побрзо да завршат, па да појдат в град. Само белобрадиот механичар успеа да појде на брегот предвреме: секаде имаше пријатели и познанства, успеа уште утрото да излезе од бродот, пред доаѓањето на цариниците. Сега седеше и им раскажуваше на морнарите секакви новости, вистински и измислени.

– Хе... Си седите тука и ништо не знаете! А таму настани, случки! Какви? Е, па, дека на оклопниот брод сите офицери ги фрлиле од бродот. Поручникот им се убил и требало да пишат... Мислите дека ве лажам? Море, одете во мајчината!

На масата се смешкаа: знаеја оти стариот сака да зачудува. Добро, нека се позабавува малку...

По ручекот, Григориј Василич, машинистот, ме собра, ме пикна во неговата кабина, ја затвори вратата. Немаше два прста на десната рака, секогаш ја криеше, а сега заборави на тоа: зборуваше, мавташе со неа, пред очите ми прелетуваше штрбавата дланка.

– Слушајте: убиениот морнар лежи на Новото пристаниште. Факт. И таму се збира народ, многу народ. Нешто почнува, а што, не знам... Слушајте, да појдеме, а?

Григориј Василич е добар човек. Значи, вистина е дека нешто се случува. Срцето почнува да ми бие весело и истовремено растревожено.

Брзо одиме по брегот покрај морето. Сонцето на небото силно празнува, ветерот стивнал, не може да се погледне кон морето, ќе ослепиш од силниот блесок.

Преминуваме некакви патишта, се препнуваме, свртуваме по сивата улица кај складиштата и наеднаш, неочекувано запаѓаме во поток од народ што се спушта одозгора, од градот, кон пристаништето. Тоа наликува на поворка: нѐ има многу и нѐ има разни. Господа со панама шапки, босоноги дечишта, војници, дами со ракавици, луѓе со свилени чадори, со бастуни, со вратници.

Чекориме. Нечиј глас одзади – несмасен и бавен:

– Ете, рекоа дека ќе ни дојдат црноморците[1]. Е, па, ете, ни дојдоа.

---

[1] Се мисли на морнарите од црноморската флота (сите забелешки се на преведувачот, освен ако е наведено поинаку).

Се свртив: еден дамчест војник му појаснуваше на својот пријател.

– Не ги убиле сите офицери, само ги затвориле. Знам. Јас...

И го снема: исчезна во толпата. Сега се појавија нови лица: еден студент и една девојка. Девојката се припиваше за него и, се чини, трепереше.

– „Потемкин“ е најновиот оклопен брод – рече студентот. – Разбираш ли, ако навистина има бунт, тогаш...

Нашата поворка сврти кон Новото пристаниште. Сега бевме поблиску до некој невидлив центар и затоа станавме потивки, посериозни.

Околу огромниот куп дрвени сандаци стоеја неподвижни фигури, како да стражареа.

– Што правите тука? – праша Григориј Василич.

– Се вртками околу вотката! Сандаците се од монополот: не дај Боже да разберат дека се тука! Ние сме од комитетот.

На уличната светилка се качи едно момче со мека кошула и црно палто, очите му беа момински, сини. Ја крена раката над толпата:

– Другари! Овој ден...

Сите го слушаа. Ми се вртеше во главата од сонцето, од луѓето, неповрзаните мисли ми пречеа да разберам што се зборува – мисли како следнава: „Ама тој носи црно палто, сигурно му е многу жешко во него...“

Низ толпата се пресече простор, некаква уличка. По неа се движеа напред, кон неодредена цел, а се движеа и во обратен правец. И во сето тоа си имаше свој чуден поредок.

Со Григориј Василич тргнавме по живата уличка. Заедно со бавната река народ се движевме кон началникот на пристаништето. Наеднаш пред нас ги симнаа шапките. Стана сосем тивко и страшно.

– Ох, да, ене го, кутриот... Ох, каков убавец е, како да е жив! – почна да тажи една жена со шамија покрај нас.

На самиот крај од пристаништето, на послани знамиња, лежеше морнарот. Имаше жолто, мртво, спокојно лице. Дење отсекогаш ми биле страшни пламените на восочните свеќи. Околу нас се зборуваше само со шепот. Двајца бели морнари, негови колеги, му стоеја покрај зглавјето. Отстрана, мошне близу, каде што обично седи мајката, седеше скитник со подуено, потечено лице, со чело преврзано со крпа. Скитникот нишаше со главата, се муртеше, можеби и плачеше.

Кој е тој, зошто го прави тоа?

На чиничето покрај покојникот луѓето фрлаа пари, а потоа се потргнуваа настрана. Оддалеку го читавме напишаното на лист хартија што беше прикачен за градите, хартија што под сонцето беше мошне бела. Можевме да ги видиме само последните зборови: „...за мојата смрт“.

Наеднаш молкот исполнет со стравопочит го прекина еден остар крик:

– Еј, ти, симни ја капата!

На господинот со цилиндар му свика еден од морнарите. А сите што стоеја поблиску и го слушнаа, повторуваа:

– Еј, симни ја! Да не си глув?

Господинот, виновно смешкајќи се, го симна цилиндарот. Одново тишина. Само жената со шамија липа:

– Убавец, браќа мои, прекрасен... О, Боже!

Одозгора пече сонцето. Жолти се свеќите, остар и жолт е носот на мртовецот, наоколу има молитвено, страшно расположение... И се чини дека е таква сега новата Одеса, дека станала сета необична.

Се придвиживме кон градот низ празниот простор меѓу војниците, свилените чадори и дечиштата. Ги одминавме улиците Дерибасовскаја, Ришељевскаја... Не, се чини оти овде сè е обично: дотерани жени, продавачи на весници, продавачки на цвеќе; мошне е тивко и жешко.

– Ми се пие нешто. А дури сега почувствував жед – рече Григориј Василич. Седнавме на една маса, пиевме со брзање.

– Слушајте: да одиме, а?

– Да одиме.

Не беше потребно да се каже каде: впрочем, каде може да се оди сега, ако не онаму, одново долу, на пристаништето?

Уште оддалеку здогледавме темно море од разбранувани човечки глави што татнеше:

– О-а-а-а...

Ги фрлаа шапките во воздух, мавтаа со рацете. Сега веќе можеше да се разберат илјадниците гласови што викаа:

– Доа-аа-ѓаат, доо-аа-ѓаат, о-а-а-а...

Дали ние се пробивме или бевме истуркани, не е јасно, но се најдовме речиси покрај водата, на крајот од кејот. Сега убаво можеше да се види:

од оклопниот брод, со силна бела боја, како галеб, кон нас, кон брегот пловеше чамец, лесен и остар. Веќе можеа да се распознаат белите капи и лицата на морнарите. Впловија.

– Ур-рр-а-а-а-а-а! – згрми од зад нас.

Толпата навали, почна да се турка нанапред, луѓе се качуваа на туѓи рамена како полудени, врескаа: ура-а-а!

Се свртив зад себе. Високите железни столбови на уличното осветлување беа преполни со качени луѓе – како ли успеале да се качат во овие неколку секунди? – луѓето мавтаа со бели шамичиња, се фрлаа нагоре шапки и капи. Морнарите од чамецот што доплови од „Потемкин“ ги отвораа устите – се чини дека и тие викаа, но не можеше да се чујат.

Да, морнарите, тие морнари, беа толку блиску до нас, долу во водата. И поради некоја причина, изгледот на едниот од нив засекогаш ми се врежа во сеќавањето – имаше таква итра набиена украинска муцка, со долги спуштени мрсни мустаќи.

Украинецот на чамецот се качи на клунот и почна да мавта со раката: замолчете сите.

И исто како него, десетици луѓе замавтаа со рацете на кејот, се качуваа на столпчињата, викаа: „Пооо-тииив-кооо, потивко!“ И за чудо: сите молкнаа за миг; разбрануваното море од луѓе се стиши. Сите молкнаа, се поткреваа на прсти за да чујат барем еден збор. Знаеја: тоа што ќе го чујат сега ќе биде решавачко, страшно.

Морнарот од чамецот се почеша и рече:

– Еве што... важно ни е... Ни треба храна. Ако може да ни донесете храна...

Тоа беше толку неочекувано, приземно, толку едноставно. Толпата олеснето се засмеа:

– Храна им треба! Сакаат да јадат...

И во истиот миг сите се почувствувавме како морнарите. Тие беа луѓе како нас: им треба храна. Така си е.

Чамецот се нишаше. Морнарите се придржуваа со стап за дрвените колци за врзување чамци. Од толпата мошне брзо, небаре носеле храна во џебовите, почнаа да се подаваат кесиња со компири, лепчиња, колбаси, потоа врзопи со непозната содржина. Им ги фрлаа од кејот, а морнарите вешто ги фаќаа.

– Фала ви, фала ви!

На клунот од чамецот одново се качи Украинецот со долги мустаќи, ги свитка дланките околу устата и викна:

– Браќа, ни треба војник! Мора да зборуваме со војник. Пешадинец!

Толпата се размрда, се зби, исфрлија некого напред. Го препознав оној дамчест војник. Дамчестиот се доближи до оградата на кејот, се наведна преку неа и со својот бавен јазик започна преговори, воопшто не стеснувајќи се од присуството на публиката.

– Го претепаа нашиот пратеник, во касарната. Така што можам директно да ви кажам...

– Како е кај вас, браќа? – се огласија од чамецот долу.

– Па, има кавги. Нашите некако ќе се снајдат... А има и такви, кучкини синови...

Војникот набројуваше некакви полкови, касарни, викаше да го чујат долу. Забревта моторот на чамецот, морнарите мавтаа со капите.

– Збогум, браќа. Фала ви!

Одново – ура! Диво, восхитено викање, луѓе качени по уличните светла, капи што се фрлаа во воздух.

Не постоевме со Григориј Василич: бевме носени надесно и налево, бевме исфрлани кон оградата, а потоа одново проголтувани од масата народ. Толпата се движеше, се прелеваше, се разбрануваше. Веќе можеше да се види напрегнатата одушевеност, која над луѓето се згусна како облак и чекаше знак да се истури. Повторно се појавија говорници, но сега нивната реч не беше доволна, облакот нараснуваше, се згуснуваше.

И ете, од некаде лево, се разнесе ново ура. Се ниша, расте како првиот бран во бурата, веќе го достигнува втор, трет бран. Веќе ништо не се слуша, само бурно, одушевено викање, и со викањето се преплетува испрекинатиот, тревожен и истовремено весел звук на сирената од параходот.

Сега може да се види огромен црн параход покрај Новото пристаниште: влечен е од миноносецот. Параходот е полн со народ. На мостот се веат црвени знамиња, има десетици работници. Сите мавтаат со капите, го поздравуваат брегот со свирежи. А брегот се бранува и бесно, занесено вика: ура!

Некои поупатени луѓе објаснуваат дека на „Потемкин“ му е потребен јаглен. „И така, доплови миноносецот на ’Потемкин‘, му се закачи

на товарниот брод што носеше јаглен и го завлече: што може параходот против миноносецот? Сега 'Потемкин' ќе има јаглен и нашата борба ќе продолжи!“

Параходот замина. Дојде шест часот. Сонцето печеше со последните сили. Луѓето се задишуваа, чекаа снеможени – мора да се случи уште нешто, мора!

Со Григориј Василич се вративме на нашиот параход да вечераме. Беше многу чудно да се седи во тивката и пријатна трпезарија додека онаму, на брегот... Да, којзнае што се случуваше таму: можеби најнеочекуваното, најчудното нешто...

Зајде сонцето, црвено, диво, немо. Одново појдовме кај Новото пристаниште. Слушнавме некакви крици... Не, не беа такви: претходно беа како пороен дожд, како шума; а сега беа засебни, остри, како врани што 'ржат, што гракаат.

Под мостот на шеталиштето стоеше селанец со нечисто ведро и продаваше нешто. Првин не го сфативме.

– Купете барем заради иницијативата! За три копејки цело ведро. Море, за две ќе ви го дадам! Шампањ...

– Ех... ги искршиле кутиите! – очајно рече Григориј Василич. Одново се заборави и неговата дланка без два прста почна да мавта пред моите очи.

Каде е тоа што утрово се одвиваше тука? Се случи ли? Сега не можев да поверувам.

Насекаде се врткаа подгрбавени луѓе со вреќи, со врзопи, некакви жени со сиви фуста-

ни и парталковци со подуени лица што личеа на компири. И сите тие се вртеа на сите страни, се криеја зад ќошињата, се пикаа како гуштери во темните премини меѓу зградите.

Кај складиштата ечеше испрекината врева. Ќе зататнеше нешто, ќе се урнеше, се креваше облак прав. Од некаде се појавија секири, ќускии. Се удира по столбовите, лета покривот, а оние што беа покрај нив дури не се ни потргнуваа настрана: со викање јуреа во складиштата, пребаруваа, вадеа, земаа. Покривот падна врз некого и го уби. И што ако го уби...

Цел куп дрвени сандаци. Утрово тука стоеја оние од „комитетот". Толпата почна да ги симнува.

На врвот од купот стоеше еден бос човек, носеше само елек врз голото тело. Во секоја рака држеше по едно шише; го испиваше и го фрлаше. Расклатени, сандаците со тресок и со ѕвекот паѓаа и се тркалаа надолу.

По неколку секунди, од под искршените сандаци се исправи оној што стоеше на врвот. Од двете раце, исечени од стакла, му течеше крв, но тој се наведна, зеде ново шише, го отвори и почна да го пие. А од двете раце му тече крв...

Буриња со вино. Капаците им беа скршени. Црпеа од нив со капи, со дланки, со конзерви, со ведра. Пиеја, истурајќи наземи. По калдрмата на пристаништето течеа потоци вино, небаре некој вински облак се истурил над неа; преку потоците беа нафрлени штици...

Не можеа да ја испијат целата количина ниту можеа да ја земат со себе: тогаш, нека оди по

ѓаволите, само нека не остане за „оние другите“. Нека тече во морето!

Покрај пристаништето пловеа огледала, велосипеди во дрвени кафези, сандаци, буриња, кутии. Во морето се истураа буриња алкохол, газија: „Ех, терај живот, братче, еднаш се живее“. Запеаја песна, се чини, разбојничка, стара...

По тесната уличка се искачувавме кон градот. На уличката беше мирно, но од секаде нè гледаа очи: од балконите, од прозорците, од подотворените вратички. По калдрмата суво тропкаше козачката патрола на коњи, некаде јуреа со галоп. Прозорците и вратите се затвораа со брзање.

Одозгора уште еднаш погледнавме кон пристаништето: таму врвеше, бучеше, се уриваше, ликуваа. Блесна последниот црвен зрак...

Живи, вообичаени градски тротоари – и наеднаш среде улицата имаше војнички пункт. Ги оставиле оружјата во сноп, испоседнале, нешто пикаат во капите: војна.

Но онаму, на масите на булеварот, си е весело и празнично како и претходно. Дотерани дами, учтиви кавалери, со очила, со двогледи, со телескопи. Сите нетрпеливо гледаат во правецот на „Потемкин“ и чекаат. Го чекаат почетокот, како на театар.

Григориј Василич низ забите процеди зајадлива забелешка:

– Со двогледи? Како не им е...

Не доврши: се огласи заглушувачки татнеж, а потоа удар. Ѕвечија стакла што потоа се скршија на ситни парчиња. Неколку секунди во не-

верица. А потоа на сите како молња им прелета помислата: „Потемкин“ почна да стрела. И наеднаш се случи човечки виор.

Луѓето го изгубија разумот. Јуреа, ги туркаа масите со чинии, столчињата, клупите, паѓаа преку нив. Мажите скокаа преку дотераните жени што лежеа наземи. За миг ја збришаа козачката коњичка патрола на булеварот. Се пикаа во портите, ги притискаа лицата во ѕидовите на зградите.

Некако успеав да го најдам Григориј Василич. Тешко дишеше, се бришеше, плукаше.

– Ме турнаа, трчаа преку мене. Ех, каква публика!

– Зарем „Потемкин“ пукаше? – го прашав. – Зошто така наеднаш...

– Ама не пукаше „Потемкин“! Фрлија бомба меѓу козаците. Двајца од нив ги разнесоа на парчиња, ранети се и офицери. Ене, погледнете!

Кочијата од итната помош тревожно свиреше и трепкаше со црвеното светло. Застана покрај аптеката. Извадија нешто на носилки.

Покрај излогот со зелени и црвени шишенца се насобра толпа народ, со разбудени жед и љубопитност за крв. Се поткрева на прсти:

– Се гледа нечиј врат... врат...

– Косата се залепила... Ах...

Зататни стрелба од оружје. Толпата се втурна кон плоштадот. Таму како ѕид стоеја темните тела на коњите, а козаците не пропуштаа никого.

– Разидете се! Разидете се! – веќе не викаше туку кркореше збунетиот полициски надзорник.